Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА КУМАНОВО - KOMUNA E KUMANOVËS
Бр.-Nr. 08-9369/1
25-09-2024
Куманово - Kumanovë

Во акта Арх.знак
Në akta shenja arkivore
Рок на чување
Afati i ruajtjes
20 год./viti Потпис Nënshkrimi
Куманово
Kumanovë

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики (“Сл. весник на РСМ” бр. 10/20), и член 61-г од Статутот на Општина Куманово – Пречистен текст (“Сл. гласник на Општина Куманово” бр.15/21), Општина Куманово објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

**за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Куманово**

Општина Куманово формира Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Куманово, со цел конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Куманово.

Иницијативниот одбор е составен од минимум пет (5) члена, жители на Општина Куманово, на возраст од 15 до 29 години.

Мандатот на членовите на Иницијативниот одбор трае до одржување на конститутивното Локално Собрание на млади.

Комисија за избор на членови на Иницијативен одбор ја спроведува постапката за избор на членови на Иницијативниот одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Куманово преку Јавен Повик на веб страна на Општина Куманово, а работата на истото се координира и помага од Службеникот за млади и младински политики во Општина Куманово.

## УЛОГА И ЗАДАЧИ НА ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР:

- Поддршка на општината во креирањето или ревидирањето на актите и Одлуките кои го уредуваат формирањето и работата на Локалниот Младински Совет;
- Распишување на повик за конститутивно Локално Собрание на млади во согласност со Статутот на општината, по принципот на јавност и транспарентност;
- Соработка со општината при организација и одржување на конститутивното Локално Собрание на млади.

## ВО ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР МОЖАТ ДА ЧЛЕНУВААТ:

- Младински организации;
- Организации за млади;
- Политички подмладоци;
- Ученички организации;

- Студентски организации;
- Други облици на младинско здружување кои работат и функционирааат на територијата на општината и сакаат да учествуваат во основањето на Локалниот Младински Совет.

**ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ:**

- Потврда за членство во организација;
- Пријава за номинација на претставник за член во Иницијативниот одбор и контакт информации;
- Изјава за согласност за користење на лични податоци од номираното лице;
- Изјава за согласност за прифаќање на номинацијата од номинираното лице за член во Иницијативниот одбор;
- Кратко мотивациско писмо и кратка биографија од номинираното лице.

**КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР:**

- Жител/ка на Општина Куманово
- Возраст од 15 до 29 години и
- Проакттивен/на, креативен/на и способен/на за индивидуална и тимска работа.

**НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ:**

Пријавите за членство во Иницијативниот одбор за конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Куманово со потребната документација во еден оригинален примерок, потпишан и заверен со печат или штембил од одговорното лице, во затворено плико, адресирани до Општина Куманоово, ул. 11 Октомври бб., 1300 Куманово, се доставуваат во архивата на Општина Куманово, секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот со назнака: "За Јавниот повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Куманово".

**РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ:**

Десет (10) работни дена од денот на објавување на Јавниот повик, започнувајќи од Среда 25 септември, заклучно со Вторник 8 октомври 2024 година.

Општина Куманово